Објавена во: Сл. гласник на Град Скопје бр. 12 од 29.09.2010 год.

Јавно претпријатие Комунална хигиена - Скопје
Ndërmarrja publike Higjiena komunale - Shkup
Примено / Pranuar 12-10-2010
| Орг. единица Njësi org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| --- | --- | --- | --- |
| 02 | 6570 | | |

*Совет на Град Скопје*
*Këshilli i Qytetit të Shkupit*

Врз основа на член 121 од Законот за управување со отпад ("Службен весник на РМ" бр.68/04, 71/04, 107/07, 102/08 и 143/08) Советот на Град Скопје на дваесет и деветтата седница одржана на 22 септември 2010 година, донесе

# ОДЛУКА
## за одобрување на висината на цената за собирање и транспортирање на комунален отпад на подрачјето на Град Скопје

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Град Скопје ја одобрува висината на цената за собирање и транспортирање на комунален отпад на подрачјето на Град Скопје по одделни категории корисници, и тоа:

- Физички лица – станбени површини 3,59 ден/м2
- Физички лица – домаќинства во рурални средини 286,00 ден/домаќинство
- Правни лица – со површина над 250 м2 (за објект и дворно место) 3,59 ден/м2

Во зависност од дејноста, видот и количината на комуналниот отпад што го создаваат, корисниците - правни лица со површина до 250 м2 (објект и дворно место), кои со Одлука на Управниот одбор на ЈП Комунална хигиена – Скопје се поделени во 3 (три) категории, цената за извршена услуга изнесува:

| | |
| --- | --- |
| I категорија | 300,00 денари |
| II категорија | 700,00 денари |
| III категорија | 900,00 денари |

Член 2

На физичките лица – домаќинства за дворната површина нема да им се пресметува цена за собирање и транспортирање на комунален отпад.

Член 3

Со влегувањето во сила на оваа одлука, престануваат да важат Одлуката број 02-1986/2 од 02.04.2001 година и Одлуката бр.02-2777/5 од 11.04.2003 година.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Град Скопје".

Број 07– 3378/1
22 септеми 2010 година
Скопје

СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ
KËSHILLI I QYTETIT TË SHKUPIT
ПРЕТСЕДАТЕЛ KRYETAR
Ирена Мишева Irena Misheva

1000 Скопје, Илинденска бб
Република Македонија
тел.:+ 389 02/3297-200, 3297-207
факс: +389 02/ 3116 169
1000 Shkup, Ilindenska pn
Republika e Maqedonisë
tel.:+ 389 02/ 3297-200, 3297-207
faks: +389 02/ 3116-169